ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-6503/9
Дата, Data 07-08-2026
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници (Службен Весник на РМ бр.27/2014, 199/2014,48/15, 154/15, 05/16, 142/16 и 11/18, и службен весник на РСМ БР.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), в.д.Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 07/2026**

За извршител на работно место:

1. Самостоен референт - администратор, во Одделение за контрола на корисници, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102Г01005, ниво Г01, 1 (еден извршител), се избира кандидатот:

   **Наташа Крстевска**

2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 30.07.2026 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: **Самостоен референт - администратор, во Одделение за контрола на корисници, во Сектор Наплата, со шифра КДР0102Г01005, ниво Г01, 1 (еден извршител)**, со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-6503/6 од 05.08.2026 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавениот кандидат констатира дека на интерниот огласот вкупно е пријавен 1(еден) кандидат со пријава со арх.бр.0302-118/4 од 09.01.2024 година доставена од административниот службеник Наташа Крстевска која е уредна, и за тоа состави Записник од административна селекција бр. 0401-6503/7 од 06.08.2026 година кој го достави до в.д.Директорот.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведеното интервју со кандидатот, изготви и достави до в.д.Директорот финална ранг листа бр. 0401-6503/8 од 06.08.2026 година.

Врз основа на финалната ранг листа, в.д.Директорот изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
В.д.Директор
М-р. Иван Митровски

**Доставено до:**
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваната;
-Архива на Директорот на претпријатие

Изработил: Драган Панчевски
Контролирал: Убавка Бачева
Одобрил: Горан Михајлов